

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# „ЛАВЧИЊАТА“ ГО РАСПЕАЈА ДРАМСКИ

Девет мали распеани „лавчиња“ во саботата (18.01) го распеаја и Драмскиот театар во Карпош. На третиот по ред, ревијален детски музички фестивал, во организација на К-ТИМ Продукција, а со поддршка од општина Карпош, пред публиката во преполната сала, беа изведени девет детски песни посветени на зимата, Божиќ и Дедо Мраз. Михаела, Дамјан, Софија, Леона, Даријан, Јована, Лила, Ема и Јана, беа дечињата кои придружени од многубројниот детски хор го разлеаја својот „ангелски глас“ и заслужено со себе ги понесоа пригодните пакетчиња со ЦД од новите песнички на оваа единствена детска манифестација од ваков вид во Карпош.



# ДВОЈНА СРЕЌА НА ВОДИЦИ ВО КАРПОШ

Големиот христијански празник Водици (Богојавление), во понеделникот (19.01), пригодно се одбележан и во општина Карпош со фрлањето на крстот во водите на реката Вардар, како синоним на светите води на реката Јордан. Младите и храбри верници Кристијан Андреевски од населбата Нерези од општина Карпош и  Никола Стефановски од Карпош, се двајцата среќни кои оваа година го фатија крстот, и според верувањата, нив и целите нивни семејства оваа година ќе ги следи здравје, среќа и бериќет.











# ЗАМИНА ГОЛЕМ ПРИЈАТЕЛ НА КАРПОШ

Кемал го запознав пред повеќе од четири години и ми стана многу драг. Посебно ме плени неговата едноставност, човечката топлина која просто зрачеше од него. Ете се случи во Карпош заедно го прославивме неговиот 64 роденден, што мислам на сите во Карпош ни беше многу мило. Беше толку изненаден и трогнат, со треперлив глас ни се заблагодари на тортата, па дури и се расплака. Притоа ни откри една тајна, дека прв пат во живот некој му организира прослава за неговиот роденден. Останавме пријатели, се чудев со каква „нормалност" го прифати откажувањето на бубрезите. Не му беше тешко да оди на дијализа и со нетрпение го чекаше пресадувањето на бубрегот. Беше многу духовит. Последниот пат кога се видовме ми кажа дека бил на погребот на големиот уметник и академски сликар Мерсад Бербер и рече:„ Ишао сам на Мерсадову сахрану да би видео каква ќе да буде моја сахрана. Мало су ме нервирали они дугачки говори, чак су ме заболели ноге. Али кажем ја себи: Кад ја будем умро, ја ќу да лежим, а они да стоје колко им буде воља..." Таков беше, не беше плачко. За жал, овој пат, веста за неговата смрт не е ниту грешка, ниту шега, туку болна вистина, затоа што таква вест проструи во јавноста во октомври 2013 година, наводно Кемо умрел. Кога му се јавив во таа прилика, ми рече: „Жив сам, него јешта". Наредниот ден отидов да го видам во Загреб, бевме на ручек и ми рече: „Колко је ова вест о мојој смрти била морбидна, толико ми добродошла, јер сам видео ко су ми прави пријатељи". Од сите негови песни најмногу ја сакам песната „Сарајево љубави моја" посебно почетокот каде што вели „...заједно смо расли граде ја и ти, исто плаво небо поклонило нам сни... сањали смо сне ко ќе брже расти, ко ќе лепши бити". Не знам кој е поубав Сараево или песните на Кемал?! Ги сакам подеднакво. Почивај во мир мој пријателе!

Твој Стевчо



# КИРИЛ ГЕОРГИЕВ-ПОБЕДНИК НА ПРАЗНИЧНИОТ ШАХОВСКИ ТУРНИР

Во пригодна и „камерна“ атмосфера, во саботата (24.01), се одржа четвртиот по ред Божиќен шаховски турнир во општина Карпош. На традиционалниот меѓународен шаховски турнир кој е под покровителство на локалната самоуправа и во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко“, беа пријавени 114 шахисти, од кои 107 успешно се натпреваруваа во оваа древна игра. Учесниците беа од повеќе европски држави: Србија, Албанија, Косово, Бугарија, Полска и Македонија. Турнирот се рејтингуваше и се играше по Швајцарски систем на натпреварување, во девет кола, по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, го изрази своето задоволство што овој турнир од мал прерасна во поголем европски турнир, и по интересот за него, се приближува на големиот и етаблиран „Карпош Опен“. - Овој турнир прераснува во мало балканско првенство и мило ми е што трудот и средствата што ги вложивме во минатите години, придонесоа, ние како организатори да имаме голема репутација. Според она што можевме да го видиме од минатите години, се дружиме со квалитетни шахисти. Ова е само уште еден доказ дека сме на вистински пат и поддршката што ја даваме на овој спорт оди во вистинскиот правец. По завршувањето на овој турнир, потоа следуваат подготовките за „Карпош Опен“ кој треба да се одржи во март, а потоа, наесен и европското шаховско првенство, кое исто така е во наша организација и на кое се очекува да има повеќе од 800 шахисти. Јас сум уверен дека ниту една спортска манифестација нема да може да привлече толку многу спортисти на едно место, како ова – истакна Јакимовски. Исто толкаво задоволство од поддршката на шахот изрази и потпредседателот на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко“, Зоран Стојчевски, посебно што резултираше со завиден одзив на голем број шахисти на овој традиционален шаховски турнир, кој секоја година се одржува пред големиот настан „Карпош Опен“. -Оваа година куриозитет е што имаме играч и од Полска, но задоволство ни претставува што натпреварувачите се шахисти од повеќе држави во балканските земји. Ова е еднодневен



турнир кој трае целиот саботен ден, со пауза од еден час помеѓу петтото и шесттото коло. Почетокот најавува успешен турнир со силна борба меѓу натпреварувачите. Имаме играчи како што се Кирил Ѓорѓиев кој што е минатогодишниот победник на „Опен Карпош“, тука се сите нашите репрезентативци, како и репрезентативци од околните земји како што се Србија и Бугарија. Оваа организација воопшто не е лесно да се подготви, но кога позади себе ја имате најспортската општина, општина Карпош, се изгледа поедноставно и лесно да се реализира – посочи Стојчевски. Турнирот беше суден од интернационалниот судија Иван Кочовски – главен судија и Сашко Лакински – помошник судија. Минатогодишниот победник на „Опен Карпош“, шахистот Кирил Георгиев, е победник на четвртиот Божиќен шаховски турнир за 2015 година. Во напната атмосфера, се одиграа сите девет кола по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Ассеко“ и под покровителство на општина Карпош, со вредни парични награди се здобија десет натпреварувачи и тоа: Садику Бедри од Косово на десетто место, на деветто Трајкоски Славе од Македонија, на осмо место Стојановски Дејан исто така од Македонија, на седмо место Миљкович Мирослав од Србија, на шестото место заврши Данов Љубомир од Бугарија, петто место за Јачимович Драгољуб од Македонија, четврто место за Сарачи Ндерим од Косово, Златанович Борољуб од Србија го освои третото место, вицешампионското место за Дренчев Петар од Бугарија и првото место за Георгиев Кирил од Бугарија. На овогодишниот празничен турнир, местото за најдобро пласирана жена го доби Моника Стојковска од Македонија, а најдобар младинец до 18 години за Лазов Тони исто така од Македонија. Новоселски Зоран од Србија го освои местото за најдобар ветеран S60, најдобар играч со рејтинг помал од 2100 за Ѓорѓиевски Јанчо од Македноја и за најдобар играч со рејтинг помал од 1900 за Мисини Бурханудин од Косово. Наградниот фонд оваа година изнесуваше 75.000 денари кој беше распределен на повеќе награди.











# РОДЕНДЕНСКИ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА ТОШЕ ПРОЕСКИ

На роденденот на незоборавната поп икона, Тоше Проески, во неделата (25.0), се одиграа низа натпревари, музички настани и хуманитарни манифестации. Во организација на Здружението на стопанственици Власи од Македонија „Мандра" од Скопје, под покровителство на општина Карпош и ЕВН Македонија како генерален спонзор, се одигра седмиот по ред турнир во мал фудбал „Тоше Проески 2015".

По тој повод, општина Карпош беше домаќин на роденденскиот фудбалски турнир помеѓу екипите на „Карпош" од Карпош и „Крушува" од Крушево, како прв натпревар, како и на вториот, помеѓу екипите на „Мандра" од Скопје и „Лиличеа ароши" од Велес. Во спортска и навивачка атмосфера, СЦ „Форца" којашто беше преполна со навивачи и љубители на фудбалот, а во рамките на спортската манифестација, присутните имаа можност да слушнат и песни на влашки, албански и ромски јазик, изведени од повеќе културни уметници.







GORA
За брзо ослободување од болка
ICE POWER
ФОРЦА
спортски центар
MANDRA
EVN


The University of Sheffield
Bachelors & Masters
GORSKA
GORA
Vindija


ФОРЦА